локомотива

lokomotiva

26

# LocoMotion

contemporary dance festival

фестивал за современ танц

# МРДНИ СЕ!

01

**МРДНИ СЕ!**

**Направи нешто со својот ум  и тело.**

**Мрдни се од место, од статична точка, од дома, од пред телевизор...**

**Мрдни се и оди во театар!**

## вовед

## introduction

Со идејата да понуди свеж и нов концепт на македонската културна сцена, *Локомотива- Центар за нови иницијативи во уметноста и културата* го отпочна фестивалот *LocoMotion-Мрдни се!*

*LocoMotion-Мрдни се!* има за цел да ги претстави актуелните современи танцови практики и иновативни кореографии од меѓународни автори, со посебен акцент на авторите од балканскиот регион и Македонија.

*LocoMotion-Мрдни се!* сака да информира и да понуди можност за осврт на актуелните практики и дискурси во полето на современиот танц кај нас и во светот.

Фестивалот со својата програмска селекција има за цел да прикаже претстави кои на европската сцена се нарекуваат современ танц и преку нив да ја прикаже разновидноста и иновативноста на современото танцово творештвото како едни од најважните аспекти во уметничкото креирање во светот денес.

Со реализацијата на фестивалот сакаме да ја нагласиме важноста на независните, иновативни продукции и автори преку тоа што ќе го доближиме современото танцово творештво до публиката. Со овој фестивал сакаме да пополниме една празнина на нашата локалната сцена, односно просторот кој не е резервиран за големите продукции туку за претставување нови, прогресивни, иновативни форми и независни автори.

И во крајна линија, како скромен обид и пример, фестивалот ја покренува иницијативата за ревизија на културната политика кај нас и во регионот во насока на нивно отворање кон континуираните процеси на уметничка иновација и креирање на простор за нови изразни медиуми во уметноста и културата.

Билјана Тануровска – Ќулавковски и Искра Шукарова

## вовед

## introduction

With the idea of creating a fresh new concept on the Macedonian cultural scene, the *Lokomotiva – Centre for New Initiatives in Arts and Culture* initiated the *LocoMotion* festival.

*LocoMotion* aims to present contemporary dance practices and innovative choreographies by international authors, with an emphasis on authors from the Balkan region and Macedonia.

*LocoMotion* would like to inform and allow reflection on current practices and discourses in the field of contemporary dance, locally and worldwide.

The festival programme aims to present performances identified as contemporary dance on the European scene, and thereby demonstrate the versatility and innovation of contemporary dance as some of the crucial aspects of art creation today.

By realizing the festival we would like to stress the importance of independent, innovative authors and productions by familiarizing the audience with contemporary dance. With the festival we would like to fill the void on our local scene, that is, the space not reserved for grand productions but for presenting new, progressive, innovative forms and independent authors.

Finally, as a modest attempt, the festival would like to start an initiative to revise cultural policies in our country and the region in order to open them up to the continuing processes of artistic innovation and to making room for new media of expression in art and culture.

Biljana Tanurovska-Kjulavkovski and Iskra Sukarova

За разлика од утописката идеја на Фјодор Достоевски за спас на светот преку убавината, во која секако спаѓа и уметноста, современиот човек е сосем реалистичен по ова прашање. Ниту убавината, ниту уметноста можат да направат некаков, па дури и минорен исчекор или промена на глобалните политичко-економските текови. „Уметноста не создава промени, таа само ги бележи," мошне рационално ќе забележи Марта Греам. Но кој ги бележи промените во уметноста? Особено во танцовиот медиум, кој е директно поврзан со човековото тело, кое е носител на креацијата, и кој постои единствено во моментот на изведба и потоа засекогаш исчезнува. Како да го зачуваме, но и да го поставиме во некаков поширок културен контекст? Имено, поради бележење и мошне макотрпно собирање на деловите од мозаикот потребни се културно вмрежување и размена (повторно користејќи го речникот на современите науки).

Новоформираниот фестивал *LocoMotion – Мрдни се!* е начин да се реализираат овие цели. Тој како тематска преокупација ги постави современите танцови трендови и експерименталната форма, кои секогаш и во секое општество остануваат на маргините на официјалните националните културни програми. Овој домен ќе внесе нова свежина во сферата на културното живеење во Македонија. Иницијативи и фестивали од овој тип ѝ се потребни на Македонија, но и на Балканот, од причина што токму овој вид активности се пресудни за создавање валидна слика за тековните придвижувања и промени. Повторно навраќајќи се на Греам, современата уметност најбргу ги апсорбира промените и ги префрла во сопствениот изразен систем и од клучно значење е истите да се проследат во моментите на нивно создавање.

Овој фестивал е почеток на еден поинаков, и во секој случај квалитативно позитивен, исчекор за афирмација, актуелизација, конекција и дијалогизација, особено на овие наши, секогаш обременети со многу политика, балкански простори. Уште еден значаен сегмент во програмата е поставувањето на прашањата и дилемите на теориско ниво, неопходно за врамување на создадениот „мозаик".

М-р Соња Здравкова-Џепароска

Unlike Fyodor Dostoyevsky's utopian idea of saving the world with beauty, art included, modern man is far more realistic in this regard. Neither beauty nor art could make any, even minor difference or change in the global political/economic processes. Art does not make changes, it only records them, as Martha Graham rationally notes. But, who is it that records the changes in art? Especially in the dance medium, directly connected with the human body, which carries the creation, that exists only in the moment of performance and is then lost forever. How could we preserve it as well as put it in a wider cultural context of some sort? In fact, to record and painstakingly gather the pieces of the puzzle, one needs to venture in cultural networking and exchange (employing once again the modern scientific vocabulary).

The newly formed *LocoMotion* festival is a way to accomplish these goals. Its thematic concerns are contemporary dance trends and experimental forms, which have always remained on the margins of official national cultural programmes in all societies. This field will bring a breath of fresh air in the cultural sphere of Macedonia. Macedonia, as well as the Balkans, needs initiatives and festivals of this sort since these activities are crucial in creating a valid image of the current movements and changes. Returning to Graham once again, contemporary art is the quickest to absorb changes and transfer them into its system of expression, and it is essential to observe them in the moment they have come to pass.

This festival is the beginning of a different, and certainly qualitatively positive, step towards affirmation, realization, connection and discussion, especially in the overly politicized Balkans. Another important segment in the programme is raising questions and dilemmas on a theoretical level, indispensable for framing the puzzle.

Sonja Zdravkova-Džeparoska, MA

# ПРОГРАМА

**26 октомври недела**
20:30
**Enter Achilles**, 45`
танц видео проекција, DV8 Physical Theatre
[Културен центар Точка]

**27 октомври понеделник**
20:00
**НЕЕМ**, 35`
Концепт: Александра Јанева (Белгија/ Хрватска) и Пистефо (Белгија)
Кореографија: Александра Јанева
[МНТ, голема сцена]

**JOHN**, 20`
Креација и изведба: Горан Богдановски (Словенија)
Креативен процес и режија: Томи Јанежиќ (Словенија)
[МНТ, голема сцена]

**29 октомври среда**
20:00
**ИМАГО**, 30`
Концепт: Виолета Витанова, Станислав Генадиев (Бугарија)
Кореографија: Виолета Витанова, Станислав Генадиев, во соработка со танчерите
[МНТ, голема сцена]

**ЖИТЕЛ**, 10`
Кореографија и танц: Маријана Савовска (Македонија/Германија)
[МНТ, голема сцена]

**ФОРМУЛА**, 25`
Кореографија, концепт и изведба: Искра Шукарова (Македонија) и Дејан Срхој (Словенија)
[МНТ, голема сцена]

**30 октомври четврток**
20:00
**~~Што~~ е современ танц?**
Презентација на современите танцови сцени во Македонија, Бугарија, Србија, Хрватска, Словенија и Босна и Херцеговина, како и презентација на партнерските организации на проектот Танцова академија НОМАД; дискусија за потребите на сцените, културната политика и развојот на уметничката форма во регионот, културното и политичкото влијание на современиот танц и неговото значење во креирањето на нови теоретски дискурси.
[Културен центар Точка]

**1 ноември сабота**
20:00
**ЕДЕН ПРАВЕЦ ВНАТРЕ**, 17`
Кореографија и изведба: Кире Миладиноски (Македонија)
[МНТ, голема сцена]

**ХОМО КАНИС**, 15`
Кореографија и изведба: Кире Ѓоревски (Македонија)
[МНТ, голема сцена]

**Простори:**
**Македонски народен театар** - Климент Охридски ББ, 1000 Скопје, Р.Македонија
**КЦ Точка** - Климент Охридски 15, зад Соборниот храм

# PROGRAMME

**26 October Sunday**
8:30 pm
**Enter Achilles**, 45`
Dance video, DV8 Physical Theatre
Originally created for the stage by Lloyd Newson and DV8 Physical Theatre
[Točka Cultural Centre]

**27 October Monday**
8:00 pm
**NEEM**, 35`
Concept: Aleksandra Janeva (BE/HR) and Pisteffo (BE)
Choreography: Aleksandra Janeva
[Macedonian National Theatre, main stage]

**JOHN**, 20`
Creation and performance: Goran Bogdanovski (SI)
Creation process and directing: Tomi Janežič (SI)
[Macedonian National Theatre, main stage]

**29 October Wednesday**
8:00 pm
**IMAGO**, 30`
Concept: Violeta Vitanova, Stanislav Genadiev (BG)
Choreography: Violeta Vitanova, Stanislav Genadiev, with the cooperation of the dancers
[Macedonian National Theatre, main stage]

**VILLAGER**, 10`
Choreography and Dance: Marijana Savovska (MK/DE)
[Macedonian National Theatre, main stage]

**FORMULA**, 25`
Concept, choreography and performance: Iskra Sukarova (MK) and Dejan Srhoj (SI)
[Macedonian National Theatre, main stage]

**30 October Thursday**
8:00 pm
**~~What~~ is Contemporary Dance?**
Presentations of the contemporary dance scenes in Macedonia, Bulgaria, Serbia, Croatia, Slovenia, Bosnia and Herzegovina, and the partner organizations of the NOMAD Dance Academy project; discussion on the stage needs, the cultural policy and development of the art form in the region, the cultural and political influence of contemporary dance and its significance in creating new theoretical discourses.
[Točka Cultural Centre]

**1 November Saturday**
8:00 pm
**ONE WAY INSIDE**, 17`
Choreography and performance: Kire Miladinoski (MK)
[Macedonian National Theatre, main stage]

**HOMO CANIS**, 15`
Choreography and performance: Kire Gjorevski (MK)
[Macedonian National Theatre, small stage]

**Venues:**
**Macedonian National Theatre** – Kliment Ohridski St, 1000 Skopje, Macedonia
**Točka Cultural Centre** – 15 Kliment Ohridski, behind the Kliment Ohridski Church

## Enter Achilles

## Enter Achilles

26 октомври

танц видео проекција / dance video - DV8 Physical Theatre
Оригинално создадено за сцена од Lloyd Newson и DV8 Physical Theatre /
Originally created for the stage by Lloyd Newson and DV8 Physical Theatre
Продукција на DV8 Films за BBC во соработка со RM Associates /
A DV8 Films production for the BBC in association with RM Associates
име на спотот = Dance Videos; 45 mins © BBC 1996; носител на правата = Digital Classics /
video label = Dance Videos; 45 мин. © BBC 1996; license holder = Digital Classics
**Проекцијата ја овозможи / Screening is supported by:** British Council in Macedonia

**изведувачи / performers:** Gabriel Castillo, Jordi Cortes Molina, David Emanuel, Ross Hounslow, Jeremy James, Juan Kruz Diaz de Garaio Esnaola, Liam Steel, Robert Tannion;
**костимографија / costumes by:** Christopher Oram, Claire Anderson, Fiona Chilcott
**уметнички директор / art director:** Sam Riley
**дизајнер/ designer:** Michael Howells
**музика / music by:** Adrian Johnston
**монтажа / editor:** John Costelloe
**директор на фотографија / director of photography:** Nils Post
**извршен продуцент / executive producer:** Bob Lockyer
**продуцент / producer:** David Stacey

**НАГРАДИ / AWARDS**

- Jury Prize Montreal Festival for Films on Art 1998, Montreal
- Emmy Award 1997, Performing Arts, New York
- Golden Spire Performance Special, San Francisco Film Festival 1997
- Prix du Ministre-Président First Screening Stage Arts Festival 1997, Brussells
- Prix Italia Special Prize - Television, Music & Arts, 1996
- Best Stage Performance Reworked for the Camera IMZ Dance Screen 1996
- Special Prize 6th Golden Antenna Television Festival 1996



26 October


## Enter Achilles

## Enter Achilles


*Video cover notes ...*

A funny, cruel exploration of the male psyche, Enter Achilles is set in a typical British pub, a shabby, nicotine-stained boozer. Pop songs tumble out of the jukebox, there is football on the TV, and the eight men lark around, pint glasses in hand. But their blokish fun is balanced on a knife-edge of tension, for beneath the mateyness lurks a disturbing undercurrent of paranoia and insecurity, where weakness is brutally exploited and violence covers up vulnerability.

*Од обвивката....*

Смешно, сурово истражување на машката душа, Enter Achilles се одвива во типичен британски паб, истрошено кафанче со дамки од цигари. Од џубоксот се слушаат поп песни, на телевизорот оди фудбалски натпревар, а осуммина мажи се мотаат наоколу со пиво во рацете. Зад забавата се крие тензија, од под другарството се назираат параноја и несигурност во која слабоста сурово се злоупотребува, а насилство е маска за кревкост.

# НЕЕМ

# NEEM

27 октомври

**Концепт / Concept**: Aleksandra Janeva (BE/HR) and Pisteffo (BE)
**Кореографија / Choreography:** Aleksandra Janeva
**Музика / Music:** PISTEFFO
**Времетраење / Duration:** 35`
**Копродукција / Co-production**: No Problem Production, Tala Dance Center
**Изведена / Performed:** Платформа за млади кореографи во октомври 2007 во Загреб, Хрватска; Луксембург; Nancy, Франција; Potsdam, Германија / Platform of young choreographers in October 2007, Zagreb, Croatia; Luxembourg; Nancy, France; Potsdam, Germany.

**НЕЕМ** е дело кое треба да сфати какво што е, какво што било и ќе биде. Луѓето што ги гледате ќе го сфатат на истиот начин. Им треба момент да видат што се случило, да го пополнат моментот и да создадат нов оти претходниот веќе да завршил.

**NEEM** is a piece to be taken as it is, as it was and as it will be. The people you watch will take it the same way. They take a second to see what has happened, to fill in that second and create the next one as this same one has already finished.



photo credit: Đuro Gavran

27 October

# НЕЕМ

# NEEM

**Александра Јанева**, родена во Македонија во 1975, завршува школа за современ танц во Загреб. Образованието го продолжува на танцовите академии во Бруж и Лир во Белгија. Стипендист е на танцовата трупа Jennifer Muller од Њујорк и студент на DanceWeb од Виена. Во Загреб има работено со Contemporary Dance Company, Zagreb Dance Company и Bad Company и го изведе своето прво дело "4" со кое освојува главна награда во Луксембург. Во Германија има работено со Ismael Ivo и Ana Mondini, во Франција со компанијата System Castafiore и во Белгија со Brice Leroux, David Hernandez и Melanie Munt.

**Alexandra Janeva**, born in Macedonia in 1975, graduated in contemporary dance in Zagreb, after which she continued her education at the dance academies in Brugge and Lier in Belgium. She had a scholarship from the Jennifer Muller Dance Company in New York and was as a DanceWeb student in Vienna. She worked with Contemporary Dance Company, Zagreb Dance Company and Bad Company in Zagreb where she made her first piece "4" and won a Grand-prix Tendances in Luxembourg. In Germany she worked with Ismael Ivo and Ana Mondini, in France with the System Castafiore Company, and in Belgium with Brice Leroux, David Hernandez and Melanie Munt.



**Пистефо** со години работи како пејач, гитарист, композитор, лидер на различни ансамбли (Grandma Moses, Marilynstar и Squeezable Future). Во моментов работи со Snapmasta Rufuz, познат и како Raf Druwez, во Pisteffo&Rufuz. Со овој проект патуваат по светот и канат локални уметници (танчери, поети, виџеи,...) за соработка на одредени теми.

**Pisteffo** has been working as a singer, guitarist, composer and a leader of different ensembles (Grandma Moses, Marilynstar and Squeezable Future) for years. He is currently working with Snapmasta Rufuz, a.k.a. Raf Druwez, in Pisteffo&Rufuz .They have been travelling with the project and inviting local artists (dancers, poets, vj's,...) to work on specific themes.

# ЏОН

# JOHN

27 октомври

**Креација и изведба / Creation and performance**: Goran Bogdanovski (SI)
**Креативен процес и режија / Creation process and directing:** Tomi Janežič (SI)
**Музика и звук / Music and sound:** Tomaž Grom
**Копродукција / Co-production**: Fičo Balet / www.ficobalet.org, Studio za raziskavo umetnosti igre, Gledališče Glej (Ljubljana)
**Реализацијата на проектот ја овозможи / Project is supported by:** MOSKVA Ballet Co. (Moscow), New Dance Alliance Inc. (New York), Ministry of culture Slovenija, City Ljubljana.
**Времетраење / Duration:** 20`

*Џон* е солистички танцов перформанс за Џон.

JOHN is solo dance performance about JOHN.

*Fičo Balet* од Словенија се претстави со универзалниот гениј Горан Богдановски, кој е идеен творец, автор, кореограф и изведувач на соло претставата Џон. Во бела долна облека, Џон удираше како птица, гледаше и се смешкаше кон публиката, цупкаше од нога на нога. А бидејќи протагонистот носеше очила, ликот го доживеавме како интелектуалец во потрага по себе.
*Маја Крилова,* ИЮНЯ, *Москва, 6. јуни 2008*

The Fičo Ballet from Slovenia was represented by the universal genius Goran Bogdanovski, who is the originator, creator, choreographer and performer of the solo show John. Stripped to his underwear, John flapped like a bird, glanced and smiled at the auditorium, shifting from one foot to the other. And since the hero wore glasses, we could experience the presented figure as an intellectual in search of himself.
*Maja Krilova,* ИЮНЯ, *Moscow, 6th June 2008*



27 October

ЏОН

JOHN

Во оваа просторно обликувана кореографија, Богдановски е облечен во бела долна облека. Се концентрира на деталите во движењата, додека изведува слични комбинации [...] Со тоа Богдановски не ги зајакнува културните стереотипи туку, баш напротив, ги разбива – и со приказ на неколку Џоновци од различни краеви на светот не линеарни, како портрети, туку со брзи преобразби и дури преклопувања; токму кога ни се чини дека сме ја препознале културната средина, тој ја растура со брзи движења и промена на атмосферата, потпомогнат од звучните интервенции на Гром, и создава нов глобализиран амбиент. Така продуховениот Хинду Јанез може е жител на Лондон, Иван можеби живее во Њујорк, а Американецот Џон моментално престојува во Љубљана, на пример. Во кусата 20-минутна изведба со интересни и оригинални движења, Горан Богдановски – по подолг период – ги покажа своите танцови способности и смислата за хумор, кои беа обележје на неговите први проекти.
*Мојца Кумердеј,* Дело, *Љубљана, 22. мај 2008*

In this spatially-framed choreography, Bogdanovski is wearing only underwear. He focuses on movement details while performing similar combinations [...] In doing so, Bogdanovski does not strengthen cultural stereotypes but rather shatters them – also by showing a number of Johns from various parts of the world not as portraits, i.e. linearly, but with swift transformations and even mutual overlaps; whenever it seems that we have recognised a cultural setting, he dissolves it by means of quick movements and atmospheric twists assisted by Grom's sound interventions, and transports us into another, different globalized ambience. Thus spiritualized Hindu Janez could as well be a citizen of London, Ivan could live in New York, and American John lives temporarily in Ljubljana, perhaps. In this short, 20-minute solo composed of interesting and original movement details, Goran Bogdanovski presented – after a long time – his dance and movement qualities and humour, which especially marked his early projects.
*Mojca Kunerdej,* Delo, *Ljubljana, 22th May 2008*

## ЏОН

## JOHN

26 октомври

**Горан Богдановски** е независен кореограф / изведувач / педагог / уметнички директор. Од 1989 има успешно соработувано како изведувач со преку 70 кореографи и режисери во разни области од изведувачките уметности - класичен балет, физички театар, современ танц, филм и видео. Преку 10 години тој беше солист на Словенечката опера и балет, а истовремено градеше и кариера како, уметник, со што успеа да оствари соработка со изведувачи современи кореографи од словенечката и меѓународната сцена: Michael Clark, Matjaž Pograjc и Betontanc, Dragan Živadinov, Milko Šparamblek, Francois Michele Pesenti, Ema Kugler, Howard Katz Fireheart и други . Има учествувано и во истражувачки проекти со Emio Greco, Josef Nadj, David Zambrano, Andrew L.Harwood, и многу други, а глумел и танцувал во филмови.

Богдановски го основаше *Fičo Balet* во 2000, каде што го развива својот кореографски стил и израз. За нив има создадено 5 целовечерни танц продукции, предводеше на 5 меѓународни истражувања од сферата на танцот и изгради образовна програма. Во своите дела остварил соработка со преку 50 уметници, а учествувал во над 200 претстави и работилници од Москва до Њујорк. Во 2002 тој го основаше просторот *Kino Šiška* за вежби од современ танц и театар во Љубљана до неговото реновирање во 2008. Во 2003, во соработка со партнери, учествува во промовирање на биеналето на словенечкиот танц *Gibanica*. Тој е еден од иницијаторите на *Танцовата академија НОМАД*, образовен и уметнички проект остварен со партнери од Словенија, Хрватска, Србија, Бугарија, Македонија, Босна и Херцеговина. Добитник е на наградата *Triton Award 2000* за изведба на претставата *1 : 0*, и е прогласен за танчер на годината во 2000 од страна на словенечкиот неделник *Неделo*. Добитник е на стипендијата *DanceWeb* во 2000 и 2002 од Виена, како и на *Artslink Residency Award 2003* за престој во Њујорк 2003, како и наградата *Aschberg Award* на УНЕСКО во Монтреал, 2004.

**Goran Bogdanovski** is a freelance choreographer / performer / pedagogue / art director. Since 1989 a he has succesfully worked as a performer with over 70 choreographers and directors in various fields of the performing arts – classical ballet, physical theatre, contemporary dance, film and video. For over 10 years he was a soloist of the Slovene National Opera and Ballet Theatre, as well as having a rich and versatile freelance career that brought him to work with many theatre artists and contemporary choreographers from the Slovenian and European art scene: Michael Clark, Matjaž Pograjc and Betontanc, Dragan Živadinov, Milko Šparamblek, Francois Michele Pesenti, Ema Kugler, Howard Katz Fireheart, etc. He has also taken part in research projects with Emio Greco, Josef Nadj, David Zambrano, Andrew L.Harwood, to mention a few, as well as acted and danced in a number of films.



26 October

ЏОН

JOHN

He founded *Fičo Balet* in 2000, with which he has been developing his own style of expression. He has choreographed five full-length dance productions, led five international research projects and created an educational program. In his pieces he has collaborated with over 50 artists and took part in over 200 performances and workshops from Moscow to New York. In 2002 he opened up *Kino Šiška* as a rehearsal venue for contemporary dance and theatre in Ljubljana until its renovation in 2008. In 2003 he co-initiated the first biannual Slovene *Gibanica* dance festival. He has also co-initiated the *NOMAD Dance Academy*, educational and artistic research project launched with partners from Slovenia, Croatia, Serbia, Macedonia, Bosnia and Herzegovina, and Bulgaria. He received the *Triton Award 2000* for his performance *1:0* and was elected Dancer of the Year by the *Nedelo* weekly in 2000. He also received the *DanceWeb* scholarship in 2000 and 2002 in Vienna; and an *Artslink Residency Award 2003* in New York, as well as a 2004 UNESCO *Aschberg Award* in Montreal.



photo credit: Marcandrea Bragalini

# ИМАГО

# IMAGO

29 октомври

**Концепт / Concept:** Violeta Vitanova, Stanislav Genadiev (BG)
**Кореографија / Choreography:** Violeta Vitanova, Stanislav Genadiev, with the cooperation of the dancers
**Танчери / Dancers:** Violeta Vitanova, Elena Gospodinova, Stanislav Genadiev, Kire Giorevski
**Сценографија и костимографија / Set and Costume Design:** Ognyana Serafimova-Peneva
**Музика / Music:** Filip Turnovski
**Виолина и блок флејта / Violin and block flute:** Viktor Vulkov
**Монтажа / Editing:** Vasil Stoilov
**Времетраење / Duration:** 30'
**Проектот е реализиран со помош на / The performance has been realized with the help of the:** Fund for Support of Debut Projects/Culture National Fund, the Swiss Cultural Programme ProHelvetia - Bulgaria, Goethe Institute Sofia & Cult.bg Foundation, Tsvetana Vekova & Pavlina Zhekova.

*Имаго* е сплет од тела, боја, танц, анимација, оригинална електронска музика и моќна кореографија. Покрај тоа што е нивно дебитантско дело, претставата веднаш беше прогласена за нов и интересен приказ на современиот танц и освои второ место на националниот избор за современа кореографија организиран од страна на фондацијата *Humarts Foundation*. Наскоро после тоа, *Имаго* ја го одушеви театарскиот еснаф и во 2007 освои *Icarus* за најдобро дебитантско дело - за првпат оваа награда му беше доделена на танцов проект. Оттогаш наваму претставата има гостувано во Германија и Грција. *Имаго* е последната фаза во развојот на инсектите. Воедно е и термин кој го користел Јунг да го опише начинот на кој луѓето ја градат својата личност преку поистоветување со слики од колективното несвесно.

*Imago* is a combination of bodies, paint, dance, animation, original electronic music and a powerful choreography. Despite being their debut, the performance was immediately pronounced as one of the interesting new displays of contemporary dance and won the second place at the National Competition for Contemporary Choreography organized by the *Humarts Foundation*. Soon after this, Imago blew away the theatrical guild and in 2007 earned an *Icarus* for a best debut – it was the first time ever a dance project to recive this award. Since then the performance has visited Germany and Greece. *Imago* is the last phase in the development of insects. It is also a term used by Jung to describe the way in which people create their personality by identifying with images from the collective unconscious.




# ИМАГО

# IMAGO


29 October

Немаат ни по 25 години, но ги прифаќа секој што го сака оригиналниот, поинаков, современ танц. Со својот прв проект *Имаго* ја протресоа нашата тешка театарска машинерија на овие простори.
*Gergana Pirozova,* Дневник *(Бугарија)*

They are not even 25, but they are recognized by everyone who likes the original, the different, contemporary dance. With their very first project *Imago* they shook the heavy theatre machine here.
*Gergana Pirozova,* Dnevnik, *(Bulgaria)*

На вториот ден од *Sofia Dance Week*, ќе се претстави бугарскиот *Kinesthetic Project* и нивните дела *Imago* и *Void* со кои се стекнаа со признание како едни од најперспективните групи за современ танц од Бугарија. Минатата година, *Имаго* ја освои престижната бугарска театарска награда *ICARUS* за најдобар дебитант. Првпат се случува жирито да му ја додели наградата на танцов проект.
*Спасена Барамова, Sofiaecho*

The second day of the Sofia Dance Week will present the Bulgarians from Kinesthetic Project (Violeta Vitanova and Stanislav Genadiev) staging their Imago and Void shows, which won them wide recognition as one of Bulgaria's most up-and-coming contemporary dance formations. Last year, Imago was given the prestigious Bulgarian Icarus theatre award for a best debut. The jury's decision to give the award to a dance project was unprecedented.
*Spasena Baramova, Sofiaecho*



photo credit: AshiTa

# ЖИТЕЛ

# VILLAGER



**Кореограф и танчер / Choreography and Dance:** Marijana Savovska (MK/DE)
Времетраење / Duration: 20`
**Проектот е реализиран со помош на / The performance has been realized with the help of the:**
Институтот Гете, Македонија/ Goethe Institute, Macedonia

Инспирирана од историјата на организацијата *СОС детско село* која има ограноци низ целиот свет, кореографката Маријана Савовска се обидува да им се доближи преку едно опсежно истражување на вистинските животни приказни на СОС децата и нивната судбина. German Gmeiner е основач на организацијата *СОС детско село*. Го создава првото детско село во градот Имст во Австрија. Првичната цел на организацијата беше да се пронајде нов дом за децата останати без родители по Втората светска војна. Подоцна таа неверојатно брзо прераснува во најголема светска организација која се грижи за сите видови напуштени деца низ светот. Денес постојат 1799 села во 132 земји. Летото 2004 година, Савовска го посети СОС детското село во Скопје, Македонија каде што организираше еднонеделна креативна работилница за децата. „Го оставив селото со огромна трага на моето срце исполнето со љубов, среќа, доверба, смелост што децата ми ги подарија заблагодарувајќи ми се" опишува Савовска. *НЕ ГО ИЗБИРАМЕ НАШЕТО МИНАТО НО МОЖЕМЕ ДА ЈА ИЗБЕРЕМЕ НАШАТА ИДНИНА* е мотото на секој жител на СОС детското село кој расте со секој изминат ден. Со ова соло, кореографката целосно мотивирана ќе се обиде да ни ја доближи реалноста што ја живеат многу деца во светот: од нивното раѓање, кога речиси сé е уништено, до нивниот успех во пронаоѓање на нормална животна патека и изградба во нормално живо суштество на оваа планета.

Inspired by the history of SOS Childrens Village Organisation worldwide, choreographer Marijana Savovska tries to get closer through an intense research into the real-life stories of the SOS children and their destinies. German Gmeiner was the founder of the SOS Childrens Village Organisation. He built the first village in Imst, Austria. The initial goal was to find new homes for the children orphaned after the Second World War and later on quickly developed into the biggest social organization worldwide to take care of all sorts of abandoned children in the world. Nowadays there are 1799 villages in 132 countries. In the summer of 2004 she made a visit to the SOS Children Village in Skopje, Macedonia where she organized a one-week creative dance workshop for the children. "I left the village with an enormous trace in my heart filled with love, happiness, trust, courage, that the children returned to me by saying thank you," Savovska describes. *WE DID NOT CHOOSE OUR PAST BUT WE CAN CHOOSE OUR* FUTURE is the motto of every SOS villager, growing every single day. Trough this solo the choreographer will fully motivated try to present a glimpse of the reality in which many children worldwide live: from their birth, when practically everything is ruined, to their success in finding a normal life path and growing into a normal living being on this planet.





ЖИТЕЛ

VILLAGER

